# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.**

**Сабота, 1 септември 1979**
**Скопје**
**Број 27 Год. XXXV**

**Претплатата за 1979 година изнесува 500 динари. Овој број чини 16 дин. Жиро сметка 40100-603-12498**

**376.**

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1979 година („Службен весник на СРМ“, број 43/78), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЦЕНАТА НА ЛЕБОТ

1. Во Одлуката за компензација на цената на лебот („Службен весник на СРМ“ бр. 25/79), во точка 3, во ред 6 по зборот „барањето“ се става запирка и се додаваат зборовите: „до Службата на општественото книговодство“.

2. Во точката 3 се додава нова точка која гласи:

„4. Се овластува републичкиот секретар за финансии во согласност со републичкиот секретар за општостопански работи и пазар поблиску да го уреди начинот и постапката за остварување на компензацијата на цената на лебот“.

Досегашната точка 4 станува 5.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1610/1
28 август 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов, с. р.**

**377.**

Врз основа на член 2, став 1, алинеја 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за распишување јавен заем за изградба и реконструкција на патиштата во СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/78), Извршниот совет донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ЈАВНИОТ ЗАЕМ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТИШТАТА ВО СР МАКЕДОНИЈА НАМЕНЕТИ ЗА МЛАДИНСКИ РАБОТНИ АКЦИИ

I. Се потврдува Програмата на Републичката конференција на Сојузот на Социјалистичката младина на Македонија за користење на средствата од јавниот заем за изградба и реконструкција на патиштата во СР Македонија наменети за младински работни акции.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 23-1609/1
19 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов, с. р.**

**378.**

Врз основа на член 29 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

За потсекретар во Републичкиот секретаријат за народна одбрана се именува Благој Мисајловски, досегашен помошник на републичкиот секретар за народна одбрана.

Број 17-1494/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов, с. р.**

**379.**

Врз основа на член 29 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

За потсекретар во Републичкиот секретаријат за народна одбрана се именува Цветан Велјановски, досегашен помошник на републичкиот секретар за народна одбрана.

Број 17-1495/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов, с. р.**

**380.**

Врз основа на член 29 и 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

За потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии се именува Роза Русо, досегашен потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии.

Број 17-1496/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов, с. р.**

**381.**

Врз основа на член 29 и 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

За потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии се именува Стево Стоевски, досегашен потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии.

Број 17-1497/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**382.**

Врз основа на член 29 и 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ

За помошник на републичкиот секретар за финансии се именува Томе Бислимовски, досегашен помошник на републичкиот секретар за финансии.

Број 17-1498/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**383.**

Врз основа на член 29 и 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

За помошник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика се именува Владо Црвенковски, досегашен помошник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика.

Број 17-1500/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**384.**

Врз основа на член 30 и 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

За советник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика се именува д-р Душан Зец, досегашен советник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика.

Број 17-1501/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**385.**

Врз основа на член 30 и 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

За советник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика се именува Стрезо Ангеловски, досегашен советник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика.

Број 17-1502/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**386.**

Врз основа на член 46 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ШУМАРСКИ ИНСПЕКТОР

За главен републички шумарски инспектор се именува Михаил Пехчевски, раководител на Шумарската инспекција во Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство.

Број 17-1499/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**387.**

Врз основа на член 46 и 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ САНИТАРЕН ИНСПЕКТОР**

За главен републички санитарен инспектор се именува д-р Костадин Грековски, досегашен главен републички санитарен инспектор.

Број 17-1503/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**388.**

Врз основа на член 29 и 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ**

За помошник на републичкиот секретар за меѓународни односи се именува Наум Начевски, досегашен помошник на републичкиот секретар за меѓународни односи.

Број 17-1504/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**389.**

Врз основа на член 30 и 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ИНФОРМАЦИИ**

За советник на републичкиот секретар за информации се именува Чедомир Јакимовски, досегашен советник на републичкиот секретар за информации.

Број 17-1505/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**390.**

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ**

За потсекретар во Извршниот совет се именува Спасител Куљан, досегашен потсекретар во Извршниот совет.

Број 17-1506/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**391.**

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК СЕКРЕТАР ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ**

За помошник секретар во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Миливој Симеоновски, досегашен помошник секретар во Извршниот совет.

Број 17-1507/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**392.**

Врз основа на член 22 ст. 7 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ**

За помошник на секретарот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Илија Глигоровски, досегашен заменик на началникот на Управата на службата за државна безбедност на град Скопје.

Број 17-1508/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**393.**

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

За советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Јосиф Милевски, досегашен советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања.

Број 17-1509/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**394.**

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 12 јули 1979 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

За советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Ристо Тоневски, досегашен советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања.

Број 17-1510/1
17 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**395.**

Врз основа на член 8, став 3 од Законот за формирање на средствата на солидарноста на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од елементарни непогоди и за воведување на „Недела на солидарноста“ („Службен весник на СРМ“, бр. 39/78), републичкиот секретар за финансии донесува

## НАРЕДБА
### ЗА УПЛАТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА СОЛИДАРНОСТА

1. Организациите на здружен труд од областа на стопанството и други корисници на општествени средства кои на посебна сметка кај тие организации се водат средствата на солидарноста, должни се сите средства, со состојба на 31 август 1979 година да ги уплатат на сметката број 40100-655-58 — „Средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди“ и тоа најкасно до 30 септември 1979 година.

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 11-1872
20 август 1979 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

**396.**

Врз основа на точката 48 и точката 50, потточка 3, став 5 од Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 61/77, 9/78, 41/78 и 69/78), републичкиот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ПОТСМЕТКИ НА УПЛАТНИТЕ СМЕТКИ КАКО И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕОДНИ СМЕТКИ И НА ЗБИРНИ СТАПКИ ЗА УПЛАТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС И ОД ДОХОДОТ

1. Во Наредбата за пропишување на потсметки на уплатните сметки како и за утврдување на преодни сметки и на збирни стапки за уплатување на придонесите од личен доход од работен однос и од доходот („Службен весник на СРМ“, бр. 1/79 и 12/79), во Прегледот Бр. 3 под а) од стопанството, на реден бр. 2 — Битола, стапката за основно образование „4,15“ се заменува со „3,90“, а збирната стапка „12,50“ се заменува со „12,25“; на реден бр. 20 — Прилеп, стапката за основно образование „5,00“ се заменува со „6,00“, а збирната стапка „13,75“ се заменува со „14,75“ и на реден бр. 30 — Скопје, стапката за здравствено осигурување „6,80“ се заменува со „6,50“, стапката за вработување „0,60“ се заменува со „0,50“, а збирната стапка „12,80“ се заменува со „12,40“.

Во истиот Преглед под б) од нестопанството, на реден бр. 2 — Битола, стапката за основно образование „4,15“ се заменува со „3,90“, а збирната стапка „13,25“ се заменува со „13,00“; на реден број 15 — Крива Паланка, стапката за култура „0,20“ се заменува со „0,50“, а збирната стапка „14,00“ се заменува со „14,30“; на реден бр. 20 — Прилеп, стапката за основно образование „5,00“ се заменува со „6,00“, а збирната стапка „14,30“ се заменува со „15,30“; на реден број 21 — Пробиштип, стапката за социјална заштита „0,20“ се заменува со „0,40“, а збирната стапка „15,90“ се заменува со „16,10“; на реден број 22 —Радовиш, стапката за физичка култура „0,30“ се заменува со „0,20“, а збирната стапка „15,73“ се заменува со „15,63“ и на реден број 30 — Скопје, стапката за здравствено осигурување „6,80“ се заменува со „6,50“, стапката за вработување „0,60“ се заменува со „0,50“, а збирната стапка „14,10“ се заменува со „13,70“.

2. Во Прегледот Бр. 4 под а) Стопанство, на реден број 2 — Битола, стапката за основно образование „4,15“ се заменува со „3,90“, а збирната стапка „4,65“ се заменува со „4,40“ и на реден број 20 — Прилеп, стапката за основно образование „5,00“ се заменува со „6,00“, а збирната стапка „5,50“ се заменува со „6,50“.

Во истиот Преглед под б) од нестопанството, на реден број 2 — Битола, стапката за основно образование „4,15“ се заменува со „3,90“, а збирната стапка „5,40“ се заменува со „5,15“; на реден број 15 — Крива Паланка, стапката за култура „0,20“ се

заменува со „0,50", а збирната стапка „6,05" се заменува со „6,35"; на реден број 20 — Прилеп, стапката за основно образование „5,00" се заменува со „6,00", а збирната стапка „6,05" се заменува со „7,05"; на реден број 21 — Пробиштип, стапката за социјална заштита „0,20" се заменува со „0,40", а збирната стапка „6,15" се заменува со „6,35" и на реден број 22 — Радовиш, стапката за физичка култура „0,30" се заменува со „0,20", а збирната стапка „6,98" се заменува со „6,88".

3. Во Прегледот Бр. 5, на реден број 2 — Битола, стапката за социјална заштита „0,31" се заменува со „0,20", а збирната стапка „1,09", се заменува со „0,98"; на реден број 15 — Крива Паланка, стапката за култура „0,36" се заменува со „0,50", а збирната стапка „1,106" се заменува со „1,246"; на реден број 20 — Прилеп, стапката за култура „0,13" се заменува со „0,35", стапката за социјална заштита „0,14" се заменува со „0,28", а збирната стапка „0,90" се заменува со „1,26"; на реден број 21 — Пробиштип, стапката за социјална заштита „0,20" се заменува со „0,40", а збирната стапка „1,55" се заменува со „1,75"; на реден број 26 — Струмица, стапката за социјална заштита „0,15" се заменува со „0,12", стапката за здравствено осигурување за повреда на работа и професионални заболувања „0,40" се заменува со „0,32", а збирната стапка „1,32" се заменува со „1,21" и на реден број 27 — Тетово, стапката за здравствено осигурување за повреда на работа и професионални заболувања „0,50" се заменува со „0,45", а збирната стапка „1,00" се заменува со „0,95".

4. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 11-43/1
28 август 1979 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

## 397.

Врз основа на точка 4 од Одлуката за компензација на цената на лебот („Службен весник на СРМ", бр. 25/79 и 27/79), републичкиот секретар за финансии во согласност со републичкиот секретар за општостопански работи и пазар донесува

## УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЦЕНАТА НА ЛЕБОТ

1. Основните организации на здружениот труд и имателите на дуќани во сопственост на граѓаните што произведуваат леб од брашно тип „800" и „1100", компензацијата на цената на лебот ја остваруваат според Одлуката за компензација на цената на лебот, на начин и постапка утврдена со ова упатство.

2. Барањето за исплата на компензација за произведените количества на леб во месецот за кој се бара компензација се поднесува по истекот на месецот, а најдоцна до 10 јануари 1980 година.

Организациите на здружениот труд барањето го поднесуваат до Службата на општественото книговодство кај која имаат жиро-сметка.

Имателите на дуќанот барањето го поднесуваат преку општинскиот орган за приходи до Републичкиот секретаријат за финансии.

3. Спецификацијата за произведените количества на леб што се доставува со барањето, се изготвува врз основа на книговодствената евиденција за дневното производство на леб во текот на месецот за кој се бара компензација на цената на лебот.

Спецификацијата содржи:

а) месецот за кој се доставува спецификација,

б) вкупно произведени количества на леб во килограми:

— од брашно тип „800"

— од брашно тип „1100",

в) износ на компензација, и

г) потпис и печат на корисникот на компензацијата.

Спецификацијата што ја доставува организацијата на здружениот труд ја потврдува раководителот на производството и раководителот на продажбата на лебот.

Спецификацијата што ја доставува имателот на дуќанот ја потпишува имателот на дуќанот.

4. Спецификацијата на имателот на дуќанот ја потврдува општинскиот орган за приходи врз основа на увидот во работните книги за набавените и потрошените количества на брашно и други податоци за произведените количества на леб во месецот за кој се бара компензација.

Со спецификацијата имателот на дуќанот доставува и податоци за состојбата на залихите на брашно од тип „800" и „1100" на крајот на месецот за кој се бара компензација.

5. Кога Службата на општественото книговодство ќе утврди дека барањето за компензација на цената на лебот во поглед на пресметувањето на компензацијата и приложената документација е исправно, го одобрува износот на компензацијата на товар на средствата на Републичкиот буџет за 1979 година — Раздел 10, поз. 119 — Средства за регреси, премии и компензации.

6. Оваа упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-1933/1
29 август 1979 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

## 398.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на ставот 2 на член 14, членовите 35, 36, 37, 38, 39, 43, 44, 45 и 46 и на табеларниот преглед на стартните основи од Правилникот за утврдување на основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и примања од средствата за материјалните трошоци и заедничката потрошувачка на работната заедница на Секретаријатот за стопанство и општествено планирање на Собранието на општината Куманово, донесен од работната заедница на референдум одржан на 30 декември 1977 година, на основа членот 433 од Уставот на СР Македонија и членовите 15 и 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 20 јуни 1979 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ ставот 2 на член 14, членовите 35, 36, 37, 38, 39, 43, 44, 45 и 46 и табеларниот преглед на стартните основи од Правилникот за утврдување на основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и примања од средствата за материјалните трошоци и заедничката потрошувачка на работната заедница на Секретаријатот за стопанство и општествено планирање на Собранието на општината Куманово, донесен од работната заедница на референдум одржан на 30 декември 1977 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Секретаријатот за стопанство и општествено планирање на Собранието на општината Куманово на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. По повод поднесена претставка, Уставниот суд на Македонија со решение У. бр. 35/79 од 17 мај 1979 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на правилникот означен во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со членот 23 од Уставот на СР Македонија и со членот 129 од Законот за здружениот труд.

4. Во претходната постапка Судов утврди дека ставот 2 на член 14 предвидува зголемување на личниот доход на работниците во Отсекот за инспекциски работи за работа во вонредни услови (прекувремена работа, работа во празник, ноќна работа) и определува различни износи на бодови по овој основ зависно од стручната подготовка.

Во членовите 32 и 34 школската подготовка е утврдена како основ во распределбата на средствата за лични доходи и е определен износ на бодови за секој степен школска подготовка: за висока 100 бода, за виша 85, за средна 65 и за нижа 40—50 бода. Понатаму во членовите 35, 36, 37 и 39 каде што се утврдени мерила за другите основи, Судов утврди дека основите сложеност, одговорност, напор, обем на работа и услови на работа се степенувани во четири степени зависно од школската подготовка. Така, работник со високо образование за средно сложени работи добива 55 бода, работник со виша добива 40 бода, а за истата таа работа работник со средно образование добива 35 бода, односно со ниже образование 25 бода. На овој начин се степенувани и другите наведени основи така што за иста одговорност, напор или услови на работа, различно се вреднува трудот на работниците во зависност од школската подготовка.

Судов исто така утврди дека според членот 43 од оспорениот правилник резултатите на работниот придонес се оценуваат а тоа го врши посебна комисија тромесечно. Во членовите 44, 45 и 46 се регулира постапката за утврдувањето на резултатите од трудот, но нема поблиски одредби односно критериуми и мерила на основа на кои ќе се оценува придонесот и ќе се врши наградување на конкретно реализираниот труд.

Во правилникот е утврдена и табела на стартни основи дадена во фиксни износи без да се прикажат посебните износи на бодови за секој основ, што значи дека за утврдените основи нема определено посебни мерила и не се гледа како е утврдена стартната основа на личниот доход за вршење на работите и работните задачи.

5. Во членот 22 од Уставот на СР Македонија е предвидено на секој работник, во согласност со начелото на распределба според трудот и со порастот на продуктивноста на неговиот и на вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд, да му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби, според резултатите на неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација. Според ставот 2 на член 129 од Законот за здружениот труд со основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи работниците во основната организација обезбедуваат нивните лични доходи да се утврдуваат врз основа на придонесот во работата и зависно од резултатите од трудот и работењето што ќе ги оствари основната организација. Во ставот 3 на истиот член е определено дека придонесот на работникот во работата се утврдува зависно од квантитетот и квалитетот на работата, земајќи го предвид особено обемот и сложеноста на работата, квалитетот на остварените резултати од трудот, успешноста во користењето на средствата на трудот, остварените заштеди во работата, користењето на работното време, одговорноста во работата и условите под кои работи работникот.

Од овие уставни и законски одредби произлегува дека личниот доход на работникот зависи од резултатите на неговиот труд и неговиот личен придонес во зголемувањето на доходот на основната организација. За спроведување на ова уставно начело работниците во основната организација утврдуваат основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи. Во врска со тоа, Судов смета дека стручната подготовка може да има непосредно влијание врз работниот придонес на работникот, но само како израз на сложеноста на работите и работните задачи. Затоа Судов смета дека не е во согласност со уставното начело на распределба според трудот другите основи за стекнување на личниот доход да се ставаат во положба на зависност и условеност од степенот на школска подготовка, па системот на наградување во работната заедница да се сведува на повеќекратно вреднување на школската подготовка и на нејзино предимензионирање во однос на другите основи, поради што оцени дека ставот 2 на член 14 и членовите 35, 36, 37, 38 и 39 не се во согласност со Уставот и законот.

Во однос на вреднувањето на конкретниот придонес, Судов смета дека одредбите од оспорениот правилник иако содржат норми за постапката и органите за оценување на тој придонес, не се во согласност со Уставот и законот затоа што не содржат конкретни критериуми за оценување на трудот и мерилата за соодветно наградување.

Со оглед на тоа што ниту во текстуалниот дел ниту во табеларниот дел не се утврдени мерила за секое работно место поединечно, туку табеларниот дел ги прикажува стартните основи на личните доходи во фиксен износ, Судов смета дека и овој дел од правилникот не е во согласност со Уставот и законот.

На основа изнесеното, Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 35/79
20 јуни 1979 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче**, с. р.

---

**399.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на алинеите 1, 2 и 3 во делот Ш на член 38 од Правилникот за основите и мерилата за стекнување доход, распоредување на чистиот доход, за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесен од работниците во Основното училиште „Гоце Делчев" во Кавадарци со референдум на 14 јануари 1978 година, на основа членот 433 од Уставот на СР Македонија и алинејата 2 на член 15 и членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата од 28 јуни 1979 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ алинеите 1, 2 и 3 во делот Ш на член 38 од Правилникот за основите и мерилата за стекнување доход, распоредување на чистиот доход, за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесен од работниците во Основното училиште „Гоце Делчев" во Кавадарци со референдум на 14 јануари 1978 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Основното училиште „Гоце Делчев“ во Кавадарци на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решението У. бр. 53/79 од 23 мај 1979 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од актот означен во точката 1 на оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што пред Судов основано се постави прашањето за нивната согласност со начелото за наградување според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија, а разработено во ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд, како и со ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование, затоа што стручната подготовка на наставниците различно се вреднува во зависност од степенот на стручната подготовка на наставникот иако изведуваат еднакви работи и работни задачи во одделенската или предметната настава.

4. Во текот на постапката и на седницата Судов утврди дека во делот Ш на членот 38 во кој член е утврдена аконтацијата на личниот доход на наставниците и се утврдени мерила за придонесот во работата по основот стручна оспособеност во распон од 10 до 90 бодови. Така, за работникот со висока стручна подготовка утврдени се 90 бодови, за работникот со виша 60 бодови, за работникот со средна стручна подготовка 30 и за останатите работници (ВКВ, КВ и нижа стручна подготовка) за секој понизок степен на стручна подготовка помалку за 5 бодови.

Според ставот 1 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 11/76, 4/77, 9/77 и 46/78), наставници за одделенска настава во основното училиште можат да бидат лица што завршиле филозофски факултет — педагошка група и педагошка академија — отсек за одделенска настава и лица што завршиле учителска школа. Наставници по предметна настава во основното училиште, според ставот 2 од истиот член, можат да бидат лица што завршиле еднопредметна или двопредметна соодветна група за образование на наставници на: факултет, висока школа, ликовна академија, музичка академија, педагошка академија или виша школа.

Според мислењето на Судов стручната подготовка како средство за изразување сложеноста на работите и работните задачи има значење во системот на распределбата на средствата за личните доходи, така што за работите и работните задачи за кои е предвиден повисок степен на стручна подготовка оправдано е од гледиштето на начелото за наградување според трудот да се предвидува повисоко мерило по тој основ во однос на работите и работните задачи за кои е предвиден понизок степен на стручна подготовка. Меѓутоа, во случаите кога за вршење на одредени работи и работни задачи се предвидени повеќе степени на стручна подготовка и сложеноста на тие работи и работни задачи е еднаква, вреднувањето на стручната подготовка може да се врши не според подготовката што ја има конкретниот работник, туку според сложеноста на работите и работните задачи кои се вршат. Имено, ако за вршењето на одредени работи и работни задачи алтернативно се утврдени повеќе степени на стручна подготовка, како што тоа е предвидено со членот 79 од означениот закон, тоа значи дека сложеноста на тие работи и работни задачи е таква да може со успех да ги врши секој од работниците што има еден од утврдените степени на стручна подготовка.

Поради тоа Судов смета дека при вреднувањето на работите и работните задачи на наставниците, кога е во прашање еднаква сложеност на работите и работните задачи и кога со законот е утврдено дека со било кои од предвидените степени со успех ќе се изведува наставата, мора да се поаѓа од единствени мерила затоа што стручната подготовка е основен елемент за одредување степените на сложеноста на работите и работните задачи. На овој начин не се обезвреднува значењето и влијанието на стручната подготовка во развиен систем на основите и мерилата за распределба на личните доходи според вложениот труд затоа што доколку работникот со повисок степен на стручна подготовка при утврдувањето на конкретните резултати постигнати во работата покаже дека работите и работните задачи ги извршил со поголем успех по квалитет и квантитет, тогаш тоа секако треба да се одрази и на неговиот конечен личен доход.

Со оглед на тоа што со алинеите 1, 2 и 3 од делот Ш на член 38 од оспорениот правилник за лични доходи на училиштето на наставниците кои изведуваат одделенска или предметна настава, по основот стручна подготовка е утврден различен износ на бодови односно предвидени се различни мерила во зависност од тоа каква стручна подготовка имаат наставниците што вршат еднаква сложеност на работите и работните задачи во одделенската односно предметната настава, Судов утврди дека овие одредби од правилникот не се во согласност со начелото за наградување според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и разработено во ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд, и дека се во спротивност со ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование.

На основа изнесеното Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 53/79
28 јуни 1979 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче**, с. р.

---

**400.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на табеларниот преглед на членот 22 од Правилникот за остварување и распределба на чистиот доход и средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесен од работниците во Основното осумгодишно училиште „Маршал Тито“ од Стрелце, општина Кичево, во делот во кој е извршено вреднување на воспитно-образовните работи и работни задачи по основот сложеност, на основа членот 433 од Уставот на СР Македонија и алинејата 2 на член 15 и членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата од 7 јули 1979 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА табеларниот преглед на членот 22 од Правилникот за остварување и распределба на чистиот доход и средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесен од работниците во Основното осумгодишно училиште „Маршал Тито“ од Стрелце, општина Кичево, во делот во кој е извршено вреднување на воспитно-образовните работи и работни задачи по основот сложеност.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Основното осумгодишно училиште „Маршал Тито“ од Стрелце општина Кичево на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решението У. бр. 65/79 од јуни 1979 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбата од актот означен во точката 1 на оваа одлука. По-

стапката беше поведена затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со начелото за наградување според трудот.

4. Разгледувајќи го оспорениот правилник во текот на постапката и на седницата Судов утврди дека во неговиот член 22 е определена аконтацијата на личниот доход одделно за работите и работните задачи кои се вршат во училиштето односно утврдени се мерила по основите: обем, сложеност, одговорност и услови за работа. Наставно-воспитните работи и работни задачи е определено да може да ги врши: учител, наставник и професор. При утврдувањето мерила по предвидените основи за овој вид работа и работни задачи се тргнало од еднаков износ на бодови, меѓутоа по основот сложеност е направена разлика во зависност од тоа дали наставникот има средна, виша или висока стручна подготовка, па за учителот се определени 80, за наставникот 130, а за професорот 180 бодови.

5. Според ставот 1 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 11/78) наставници за одделенска настава во основното училиште можат да бидат лица што завршиле филозофски факултет — педагошка група и педагошка академија — отсек за одделенска настава и лица што завршиле учителска школа. Во ставот 2 на истиот член, наставници по предметна настава во основно училиште можат да бидат лица што завршиле еднопредметна или двопредметна соодветна група за образование на наставници на факултет, висока школа, ликовна академија, музичка академија, педагошка академија или виша школа.

Според мислењето на Судов, стручната подготовка како средства за изразување сложеноста на работите и работните задачи, има значење во системот на распределба на средствата за лични доходи, така што за работите и работните задачи за кои е предвиден повисок степен на стручна подготовка оправдано е од гледиштето на начелото за наградување според трудот да се предвидува повисоко мерило по тој основ во однос на работите и работните задачи за кои е предвиден понизок степен на стручна подготовка. Меѓутоа, во случаите кога за вршење на одредени работи и работни задачи се предвидени повеќе степени на стручна подготовка, вреднувањето на стручната подготовка може да се врши не според подготовката што ја има конкретниот работник, туку според сложеноста на работите и работните задачи што се вршат. Имено, ако за вршењето на одредени работи и работни задачи алтернативно се утврдени повеќе степени на стручна подготовка, како што е тоа предвидено со членот 79 од означениот закон, тоа значи дека сложеноста на тие работи и работни задачи е таква да може со успех да ги врши секој од работниците кој има еден од утврдените степени на стручна подготовка.

Поради тоа Судов смета дека при вреднувањето на работите и работните задачи на наставниците, кога е во прашање еднаква сложеност на работите и работните задачи и кога со законот е утврдено дека со било кој од предвидените степени со успех ќе се изведува наставата во основните училишта, мора да се поаѓа од единствени мерила затоа што стручната подготовка е основен елемент за одредување степените на сложеноста на работите и работните задачи. На овој начин не се обезвреднува значењето и влијанието на стручната подготовка во развиен систем на основи и мерила за распределба на средствата за личните доходи според вложениот труд затоа што доколку работникот со повисок степен на стручна подготовка при утврдувањето на конкретните резултати покаже дека работите и работните задачи ги извршил со поголем успех по квалитет и квантитет, тогаш тоа секако ќе се одрази и на неговиот личен доход.

Со оглед на тоа што во оспорениот дел на табеларниот преглед на членот 22 од правилникот за распределба на средствата за лични доходи на училиштето, е предвидено различно вреднување по основот сложеност на наставно-воспитните работи и работни задачи, кои по правило се исти, а различното вреднување се должи само по степенот на стручната подготовка на наставниците кои вршат еднаква сложеност на работите и работните задачи, во одделенската односно предметната настава, Судов утврди дека овој дел од оспорениот член од правилникот не е во согласност со начелото за наградување според трудот, утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и разработено во ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд, како и тоа дека е во спротивност со ставовите 1 и 2 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование.

На основа изнесеното Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 65/79
7 јули 1979 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче**, с. р.

---

## 401.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на алинејата 2 од став 1 на член 9 од Одлуката за условите за експлоатација на песок, камен и чакал од коритата и бреговите на реките: Вардар, Лакавица, Маздрача, Радика и другите природни водотеци, донесена од Собранието на општината Гостивар, на 25 декември 1979 година, на основа членот 433 од Уставот на СР Македонија и членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното значење на неговите одлуки, на седницата по јавната расправа одржана на 28 јуни 1979 година донесе

### ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Работната организација „Водостопанство — Вруток" од Гостивар за оценување уставноста и законитоста на алинејата 2 од став 1 на член 9 од Одлуката за условите за експлоатација на песок, камен и чакал од коритата и бреговите на реките: Вардар, Лакавица, Маздрача, Радика и другите природни водотеци, донесена од Собранието на општината Гостивар на 25 декември 1975 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општината Гостивар".

3. Работната организација „Водостопанство — Вруток" од Гостивар му поднесе предлог на овој Суд да ја оцени уставноста и законитоста на одредбата од одлуката означена во точката 1 на оваа одлука.

4. Во претходната постапка Судов утврди дека Собранието на општината Гостивар на седницата одржана на 25 декември 1975 година донело Одлука за условите за експлоатација на песок, камен и чакал од коритата и бреговите на реките: Вардар, Лакавица, Маздрача, Радика и другите природни водотеци. Според членот 4 од оваа одлука, експлоатацијата на песок, камен и чакал од коритата и бреговите на спомenатите реки и другите природни водотеци и се отстапува на Водостопанската организација на здружениот труд „Вруток" од Гостивар. Организацијата на здружениот труд „Вруток" според вториот став на овој член, како корисник на минералните суровини го определува локалитетот, начинот и условите на експлоатацијата и се

обврзува да ги изврши можните регулационо заштитни работи и да ги снабдува градежните организации и индивидуалните корисници со песок, камен и чакал. Според ставот 1 на член 9 од одлуката, за секој одобрен кубен метар песок, камен и чакал, „Водостопанството — Вруток" се задолжува да наплатува по 5 динари на име републичка такса и по 5 динари на име општинска такса. Во членот 10 од одлуката е предвидено општинската такса од членот 9 да се користи за решавање на водостопански проблеми во општината, претежно од заштитен карактер како што се: финансирање на работите за одбрана од поплави, заштита на земјиштето од ерозии, заштита од елементарни непогоди под дејство на вода и за изградба и одржување на изградени водостопански објекти.

5. Според ставот 2 на член 3 од Законот за водите („Службен весник на СРМ" бр. 47/73), со природните водотеци, природните езера и природните извори управува општината на чие подрачје се наоѓаат. Според членот 7 на овој закон, општините се грижат за изградба, реконструкција и одржување на заштитните објекти и постројки и за заштита на изворите на води за пиење. Изградбата, реконструкцијата и одржувањето на заштитните постројки и објекти, според вториот став на овој член, општината ги доверува на водостопанска организација на здружениот труд, врз основа на склучен договор. Според ставот 1 на член 100 од законот, од коритата и бреговите на природните водотеци и езера може да се врши експлоатација на песок, камен и чакал, само со претходно одобрение и со плаќање на такса.

Согласно наведените уставни и законски одредби, Судов смета дека општината е овластена за сторени трошоци од корисниците при експлоатацијата на песок, камен и чакал да наплатува одреден надоместок заради заштитно уредување на коритата и бреговите на реките од кои се врши оваа експлоатација. Според тоа оспорената давачка која ја пропишало Собранието на општината Гостивар и ја наплатувало како општинска такса, нема елементи на фискална давачка односно такса туку таа претставува надомест за сторени или предизвикани трошоци. Ова затоа што со секое вадење на песок, камен и чакал од коритата и бреговите на реките и другите природни водотеци се предизвикуваат одредени промени на коритата и бреговите на реките, за чие санирање се потребни одредени финансиски средства. При заземањето на овој став Судов имаше предвид дека и средствата прибрани во вид на „такса" според оспорената одлука се користат токму за овие цели и за учество во програмата на Републичкиот фонд за води со кој се финансира и изградбата, реконструкцијата и одржувањето на заштитните објекти и постројки.

Поради тоа Судов смета дека оспорената давачка по својата суштина не е такса во смислата на Законот за републичката такса на вода, туку претставува надоместок за сторени трошоци, па поради тоа оцени дека оспорената одлука не е во несогласност со Уставот и законот.

На основа изнесеното, Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 82/79
28 јуни 1979 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче,** с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ОХРИД

**288.**

Врз основа на член 101 и 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 200 точка 5 од Статутот, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Охрид, на својата седница одржана на ден 22 декември 1978 година, донесе

### ОДЛУКА

